

Спомениkот на македонскиот крал Филип Втори денеска беше поставен на плоштадот во скопската населба Автокоманда.

Изминативе неколку месеци спомениkот се изработуваше во леарницата „Јеремиќ“ во Белград, а утрово беше монтиран на постамент висок три метри.

Наскоро треба да биде завршен и релјефниот дел на спомениkот и комплетно да биде уреден просторот околу спомениkот.

Жителите се воодушевени од изгледот на спомениkот и изјавија дека тој ќе биде сведоштво за историјата и можност за најмладите да се запознаат со ликот на македонскиот крал Филип.